Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16), Градоначалникот на Општина Кочани, на ден 23.12.2016 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за градска четврт 16 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, кој се носи согласно законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена ќе се објави на веб страната на Општина Кочани www. kocani.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за градска четврт 16 од ГУП за град Кочани , КО Кочани Општина Кочани , нема да има влијание врз животната средина од следните причини: се работи за детален урбанистички план со планирана намена Г2 -лесна и незгадувачка индустрија, која е дефинирана со ГУП за град Кочани, донесен јули 2016г. за кој ГУП е спроведена постапка за стратегиска оцена на влијанија на животната средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.22-1754/3
23.12.2016 год.
Кочани

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
По овластување на Градоначалникот
Бр. 08-2193/2 од 31.10.2014г.
Раководител на сектор
Зоран Манасиев

Изготвил/МСЈ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Детален урбанистички план за градска четврт 16 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кочани |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кочани |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Марија Салтирова Јовановска |
| Назив на работното место | Советник за просторно и урбанистичко планирање |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 072 306 087 ; e-mai: marija@kocani.gov.mk |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| урбанистички план за градска четврт 16 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани,се изработува врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15 , 31/16 и 163/16) , Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. весник на Република Македонија“ бр.142/15), како и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 , 35/16 ,99/16 и 134/16). | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| За предметниот плански опфат постои ГУП за град Кочани донесен 2016г. за кој е спроведена стратегиска оцена на животната средина, за дел од ппланскиот опфат постои ДУП донесен за дел од планскиот опфат постои ДУП за град Кочани од 1998г. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Целта на донесување на Деталниот урбанистички план за градска четврт 16 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, е доурбанизација на постоен простор , на ко ј постојат објекти за домување, објекти на јавни институции, делумно изграден со објекти за лесна индустрија и незагадувачка индустрија, гробишта,железничка инфраструктура и делумно неизградено земјиште | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Просторно и урбанистичко планирање на просторот | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| 2016-2021 | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| Планскиот период на деталните планови е 5 години | | | |

| |
|---|
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторот предмет на изработка на Деталниот урбанистички план за градска четврт 16 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, се наоѓаво јужниот дел од град Кочани, поврзан со пристап од магистралниот пат А3. Планскиот опфат е со површина од 56,17ха, со планирана намена А- домување, В- јавни институции, Е- инфраструктура, Г2- лесна и незгадувачка индустрија.На предметниот локалитет постојат објекти за домување, објекти на јавни институции, делумно изграден со објекти за лесна индустрија и незагадувачка индустрија, гробишта, железничка инфраструктура и делумно неизградено земјиште .За предметниот простор постои Генерален урбанистички план донесен во јули 2016. За дел од просторот изработен е детален урбанистички план за локалитет Шампињони-Југотутун дел од УЕ 11, донесен 2014 год., за дел од просторот постои детален урбанистички план донесен 1998г. , за дел од просторот донесен е детален урбанистички план локалитет „Индустрија –средорек“ 2009г., и за дел од проосторот донесен е ДУП за градски центар 2010г.  |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на Деталниот урбанистички план за градска четврт 16 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. ........................................................................</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата;</td><td>5 години директно од планскиот документ со индиректно влијание од 40 години за локалитетот кој би се развивал со реализација на урбанистичкиот план</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Дел од постоен простор со намена домување, јавни институции, лесна и незагадувачка индустрија, инфраструктура, дефиниран со ГУП за град Кочани</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>нема</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>нема</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Зафаќа популација која живее и работи во овој простор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Подобрување на економската слика со можности за развој на индустриска активност што ке резултира со зголемување на број на работни места, подобрување на квалитетот на домувањето со доизградба на комуналната инфраструра</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Површина дефирнира со ГУП за град Кочани</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Во ГЧ 16 се наоѓа заштитено подрачје –Горица</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Предвидената индустрија која нема индиции на преминување,</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>интензивна употреба на градежното земјиште за индустриска цел</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>Со ДУП за ГЧ 16 од ГУП за град Кочани нема да има влијание врз области или пејзажи кои се признати како заштитени.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планирање и развој</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Планскиот опфат се наоѓа во веќе урбанизирана зона  во која постојат изградени објекти за домување, јавни објекти, инфраструктурни објекти, и индустриски објекти.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Нема дирекни влијанија кон одржлив развој но поставува услови  за негово поставување</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Со предвидениот план може да се очекува зголемување на загадување на воздухот поради индивидуално решава на проблемот со греење , исто и со зголемена отпадна вода  од планираните индустриски објекти но бидејки е предвидена канализациона мрежа ова  не се зема во предвид судејки дека веке  е во изградба пречистителна станица за отпадни води за град Кочани,</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>За предметниот простор постои Генерален урбанистички план донесен во јули 2016 за кој е спроведена стратегиска оцена на влијанија на животната средина. За дел од просторот   изработен е детален урбанистички план за локалитет Шампињони-Југотутун  дел од УЕ 11, донесен  2014 год. за кој исто така е спроведена постапка за стратегиска оцена на влијанија на животната средина,  за дел од просторот  постои детален урбанистички план  донесен  1998г. ,  за дел од просторот донесен е детален урбанистички план локалитет „Индустрија –средорек“ 2009г., и за дел од проосторот</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="3">донесен е ДУП за градски центар во  2010г.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Генерален урбанистички план донесен во јули 2016 за кој е спроведена стратегиска оцена на влијанија на животната средина.<br>За ДУП за локалитет Шампињони-Југотутун  дел од УЕ 11, донесен  2014 год. за кој исто така е спроведена постапка за стратегиска оцена на влијанија на животната средина</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>нама</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>По овластување на<br>Градоначалникот<br>Бр. 08-2193/2 од 31.10.2014г.<br>Раководител на сектор<br>Зоран Манасиев</td></tr>
<tr><td colspan="2">Бр.22- 1754/2<br>Датум 23.12.2016г.<br>Место Кочани</td><td>М.П.</td></tr>
</table>